**Известување за концентрација со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д , Словенија ќе стекне контрола над СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о., Словенија**
**(предмет бр. 08-182/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која од **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, , со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне единствена контрола над **СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о., Љубљана** со седиште на Блајвајзова цеста 30, 1000 Љубљана, Словенија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, (НЛБ) е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниоит сектор и други услуги. Дополнително, НЛБ дава услуги на управување со фондови и пензии, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НЛБ Групата во Македонија моментално има 2 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување, и
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг.
-

**СЛС ХОЛДЦО, холдинг друштво д.о.о** поседува 100% удел во словенечкото друштво за лизинг СУММИТ ЛИЗИНГ СЛОВЕНИЈА д.о.о., со седиште на: Флајшманова улица 3, 1000 Љубљана („**СУММИТ ЛИЗИНГ**“). СУММИТ ЛИЗИНГ пак поседува 100% удел во хрватската лизинг компанија МОБИЛ ЛИЗИНГ д.о.о., со регистрирано седиште на Ковинска улица 5, Загреб, Хрватска.

СУММИТ ЛИЗИНГ е водечки провајдер на автомобилско финансирање во Словенија. СУММИТ ЛИЗИНГ е исто така водечки провајдер на финансии за потрошувачите на продажните места во Словенија.

СУММИТ ЛИЗИНГ нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак остварило било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазарза лизинг услуги.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.12.2023 година
Скопје